**КАТАЛОГ**

1. ИГРА НА ПРИРОДАТА
2. ПОЛЕЗЕН ТРОФЕЈ
3. БАЛКОНИ
4. ПРОЛЕТНА ИЗМАМА
5. ПАНОРАМА
6. ЛИК ТРИК
7. БЕРАЧ НА ПЛОДОВИ
8. ПАЗАРЕН ДЕН
9. КАМЕНИ ПЕЧУРКИ
10. ПЕРСА
11. СЕКОГАШ СО НИВ
12. АКТ БР.5
13. АКТ БР.6
14. МАСКИРАН АКТ
15. СВЕДОК НА МИНАТОТО
16. ОСАМЕНО
17. АКРОБАТ
18. ПАСТИР
19. НЕОБИЧНА НАСМЕВКА
20. БАЧ
21. СОБИРАЊЕ ВОЛНА
22. МАРИОВКА
23. НАГАНИЧАР
24. СТОЛЕТНИК
25. ДРУГАРЧИЊА
26. НА ПОЈАДОК
27. ПРИЈАТЕЛИ
28. МОЗНИЧАРИ
29. МАРИОВЕЦ
30. ПРИЈАТЕЛСТВО
31. МОЛЗНИЧАРИ М И З
32. КОЈ ОД КОГО ЗАВИСИ
33. АЛАС
34. ЉУБОПИТЕН

---

Издавач:
ФОТО СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
НАРОДНА ТЕХНИКА КУМАНОВО

Каталогот го подготви и предговорот го напиша
ТРАЈКО ПАЧКОВ

Организатор на изложбата
ДОМ НА КУЛТУРАТА „ЈОСИП БРОЗ ТИТО" - КУМАНОВО

Печати:
„ГРАФОСЕТ" - КУМАНОВО

Тираж: 150

# Радислав Ристевски

КУМАНОВО, ОКТОМВРИ 1993.

## ретроспективна изложба на фотографии





**РАДИСЛАВ РИСТЕВСКИ** Е РОДЕН ВО ПРИЛЕПСКОТО СЕЛО ДУЊЕ ПРЕД 66 ГОДИНИ. СО ФОТО-АПАРАТОТ ДРУГАРУВА ОД 1958, А НА САМОСТОЈНИ И ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ УЧЕСТВУВА ОД 1966 ГОДИНА. ВО КУМАНВСКИОТ ФОТО-КИНО КЛУБ „КОЗЈАК" ЧЛЕНУВА НАД ТРИ ДЕЦЕНИИ. ПОКРАЈ ТОА ШТО СЕ ЗАНИМАВА СО ТВОРЕЧКА И ИЗЛАГАЧКА ДЕЈНОСТ, ПЕРМАНЕНТНО РАБОТИ НА ОРГАНИЗАЦИОНО, КАДРОВСКО И ОБРАЗОВНО ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА КЛУБОТ И НА ОМАСОВУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ЧЛЕНСТВО ПРЕКУ ОДРЖУВАЊЕ НА КУРСЕВИ И СЕМИНАРИ ПО ФОТО ТЕХНИКА. ВО СОЗДАВАЊЕТО НА ФОТОГРАФИИТЕ НЕ СЕ ОГРАНИЧУВА НА ОДДЕЛНИ ТЕМИ И СЕ СТРЕМИ ДА ГО ЗАБЕЛЕЖИ ЧОВЕКОТ, НЕГОВОТО ОДНЕСУВАЊЕ, ОБИЧАИТЕ И ТВОРЕЊАТА.

НАПОРЕДНО ПОЧНАЛ ДА СЕ ЗАНИМАВА И СО ФОТОГРАФИЈАТА ВО ДВИЖЕЊЕ И НА ТОЈ ПЛАН ВО СВОЈОТ ОПУС ИМА ПОСТИГНАТО ИЗВОНРЕДНИ РЕЗУЛТАТИ НЕ ЗАПОСТАВУВАЈЌИ ЈА КРЕАТИВНАТА ФОТОГРАФИЈА, ТАКА ШТО И ВО ИЗЛОЖЕНИВЕ ЕКСПОНАТИ КАКО ДЕЛ ОД БОГАТОТО И РАЗНОВИДНО ТВОРЕШТВО НА РАДИСЛАВ РИСТЕВСКИ СЕ ПРЕТСТАВЕНИ РАБОТНИ ФОТОСИ ОД НЕГОВИТЕ КИНО ФИЛМОВИ.

ВРШЕЛ ФУНКЦИИ, ЧЛЕНУВАЛ И СЕГА ЧЛЕНУВА ВО РАЗНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО СВОЈОТ КЛУБ „КОЗЈАК" ДО ФОТО СОЈУЗОТ НА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА И СЕКОГАШСЕ ЗАЛАГАЛ ЗА ЈАКНЕЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА КУЛТУРА ВО МАКЕДОНИЈА И ПОШИРОКО, ЗА ШТО ИМА ДОБИЕНО ВРВНИ БРОЈНИ ПЛАКЕТИ И СПЕЦИЈАЛНИ ДИПЛОМИ.

МОТИВИТЕ ОД МАРИОВО, СЛОБОДНИТЕ МОТИВИ И АКТОВИТЕ ОД ОКОЛИНАТА НА КУМАНОВО, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НАДВОР ОД НЕЈЗИНИТЕ ГРАНИЦИ СЕ НЕГОВА ПРОЕКУПАЦИЈА, А ТЕМИТЕ НЕОГРАНИЧЕНИ. РАДИСЛАВ РИСТЕВСКИ, КАКО ШТО СЕ ГЛЕДА ОД ЕКСПОНАТИВЕ, СНИМАЛ СЕ ШТО ГО ОКРУЖУВА ЧОВЕКОТ, НЕГОВОТО ТВОРЕШТВО И ПРИРОДАТА. НЕГОВИОТ ФОТО-АПАРАТ РЕТКО МИРУВА. ГО ПРИВЛЕКУВААТ ИНТЕРЕСНИТЕ БРОЈНИ ПОДАРОЦИ НА ЧОВЕКОВАТА ПРИРОДА КАКО НЕЈЗИНА ИГРА (СЛОНОТ ОД КАМЕН, ОСАМЕНИТЕ ДРВА-ЏИНОВИ) И ЛИКОВИТЕ НА ПОРТРЕТИ НА ЛУЃЕТО ОВЧАРИ, МОЛЗНИЧАРИ НА ОВЦИ И КОЗИ, СОБИРАЧИ НА ВОЛНА, ПРЕТСТАВНИЦИ НА МАРИОВО ВО ПРЕУБАВАТА НОСИЈА, СТРУШКИТЕ СЕЛАНКИ-ПАЗАРЏИКИ, ЖЕНИТЕ ВО ПООДМИНАТИ ГОДИНИ И ВО ПРВ РЕД ДЕЦАТА КАКО ГАРАНЦИЈА ЗА ИДНИНАТА НА НАШАТА МЛАДА САМОСТОЈНА И НЕЗАВИСНА ДРЖАВА

СО ЕДЕН ЗБОР, ИЗВОНРЕДНО БОГАТИОТ ТВОРЕЧКИ ОПУС НА ФОТОГРАФИИТЕ НА РАДИСЛАВ РИСТЕВСКИ ПЛЕНИ, ОДУШЕВУВА И ВОСХИТУВА СО СВОИТЕ ИДЕИ И ПОРАКИ.

УЧЕСТВО НА ИЗЛОЖБИ:

1966 - КУМАНОВО
1967 - КУМАНОВО
1968 - СКОПЈЕ, ДЕРВЕНТА
1969 - СКОПЈЕ
1970 - ПРИШТИНА, КРАТОВО, СКОПЈЕ
1971 - БЕЛГРАД, ЗЕМУН, МИЛУТОВАЦ, ПРИШТИНА
1973 - СКОПЈЕ, КУМАНОВО, СТРУМИЦА
1974 - СТРУМИЦА, ОМОЉИЦА, СКОПЈЕ
1975 - МАЈДАНПЕК, ОМОЉИЦА, СТРУМИЦА, КУМАНОВО
1976 - СКОПЈЕ, КРАТОВО, СТРУМИЦА, ПРИШТИНА, КУМАНОВО
1977 - ШТИП, СКОПЈЕ, КРАТОВО, СТРУМИЦА
1978 - БЕРОВО, КРАТОВО, КУМАНОВО
1979 - СКОПЈЕ, КУМАНОВО

НАГРАДИ:

**ЗА КОЛЕКЦИИ**

*I НАГРАДА ЗЛАТНА ПЛАКЕТА*
КУМАНОВО 1970, СТРУМИЦА 1976 год.

*II НАГРАДА СРЕБРЕНА ПЛАКЕТА*
КРАТОВО 1978 год.

*СПЕЦИЈАЛНА ДИПЛОМА*
БЕЛГРАД 1971 год.

**ЗА ПОЕДНИНЕЧНА ФОТОГРАФИЈА**

*II НАГРАДА СРЕБРЕНА ПЛАКЕТА*
КУМАНОВО 1972, СТРУМИЦА 1975 И 1977 И КРАТОВО 1977 год.

*III НАГРАДА БРОНЗЕНА ПЛАКЕТА*
КУМАНОВО 1967 И 1973, СКПЈЕ 1976, КРАТОВО 1976 И БЕРОВО 1978 год.

*СПЕЦИЈАЛНА ДИПЛОМА - ПОФАЛНИЦА*

СКОПЈЕ 1968 год.
НОВИ САД 1971 год.
ЛЕСКОВАЦ 1972, КУМАНОВО 1972 И 1974, СТРУМИЦА 1974 год.